# Дневна хемеротека за *27.10.2015г.*

**Здравство24 -** ***Вечерва не се дише во Лисиче, Тетово и Кавадарци – Воздухот е многу загаден***

zdravstvo24 mk
здравство и социјала

## Вечерва не се дише во Лисиче, Тетово и Кавадарци – Воздухот е многу загаден




Вечерва воздухот е многу загаден во скопско Лисиче, Тетово и Кавадарци. Тоа го покажуваат мерните станици за квалитет на воздухот објавени на веб страната на министерството за животна средина. Штетните ПМ10 честички во овие општини се неколку пати над дозволената граница, односно индексот на загадување е многу висок. Малку помала концентрација но со голема загаденост се и Центар, Карпош, Гази Баба, Битола и Кичево.

## Скопје инфо - *Во која скопска населба е најзагаден воздухот?*

Синоќа воздухот беше многу загаден во скопско Лисиче, Тетово и Кавадарци. Тоа го покажуваат мерните станици за квалитет на воздухот објавени на веб страната на министерството за животна средина.

## Република - *Најзагадено во скопско Лисиче, Тетово и во Кавадарци*

Синоќа воздухот беше многу загаден во скопско Лисиче, Тетово и Кавадарци. Тоа го покажуваат мерните станици за квалитет на воздухот објавени на веб страната на министерството за животна средина.

## Порта 3 - [СЗО апелира на итно намалување на краткорочните загадувачи на воздухот]

ПОРТА3
ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА
ЕКОЛОГИЈА

### СЗО апелира на итно намалување на краткорочните загадувачи на воздухот

Like 0 | Share 0 | Tweet 1 | G+1 0 | in Share | Pin it




Светската здравствена организација (WHO) го објави извештајот за намалување на здравствените ризици со редуцирање накраткорочните загадувачи на воздухот, во кој укажува дека е неопходна итна реакција со цел намалување на емисијата на цврсти честички, озон, метан и јаглерод моноксидот бидејќи предизвикуваат климатски промени и здравствени проблеми за живиот свет.

Во извештајот се наведува дека споменатите краткорочни загадувачи на животната средина годишно предизвикуваат рана смрт кај седум милиони луѓе. Со намалувањето на емисиите на тие загадувачи би се намалил ризикот од појава на бројни заболувања, но би се обезбедила и поздрава храна и повисок квалитет на животот воопшто.




Експертите упатуваат на над 20 можни начини за намалување на емисијата на краткорочни загадувачи во атмосферата вклучувајќи го и подобрувањето на стандардите за емисија на штетни гасови од возилата, премин од фосилни горива на обновливи енергенти и намалување на отпадот од храната.

Во извештајот се наведува дека загаденоста на воздухот на отворено, годишно предизвикува смрт кај 3,7 милиони луѓе, додека раната смрт кај 4,3 милиони луѓе во светот настапува поради здравствени проблеми предизвикани од загадувањето во затворени простории, најчесто како последица на неадекватен енергент за греење.